Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програма за работа на
Советот на Општина Карпош за 2009 година

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2009 година, донесена на Седумдесетишестата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 14 јануари 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 147/1
15.01.2009 година
С к о п ј е

в.д. ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Димиќ,с.р.**

Врз основа на член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен .гласник на Општина Карпош” бр. 1/06) и чл. 137, 138 и 140 од Деловникот на Советот на Општината Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 3/06), Советот на Општината Карпош на Седумдесетишестата седница, одржана на 14 јануари 2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2009 ГОДИНА

**I.**

1. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2OO9 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за предлагање на Програма за работа на Советот на Општината Карпош за 2009 година
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Советот на Општината и Сектор за урбанизам

**Образложение**: Основ за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Карпош е член 137 од Деловникот на Советот на Општината Карпош, според кој Советот донесува Програма и работи по Програмата која се утврдува за една календарска година.
Во Програмата се утврдени работи и задачи кои со материјалните закони од различни области и со Статутот на Општината се ставени во надлежност на Советот на Општината.

2. ПРЕДЛОГ-ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2008 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

3. КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

3.-

4. ПРЕДЛОГ -ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА
КАРПОШ ЗА 2008 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

5. ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА
НА 10-ТЕ ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И 4-ТЕ
ОПШТИНСКИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА
УЧЕБНАТА 2008-2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ и : ИЗГОТВУВАЧ Основните училишта и општинските детски градинки

6 .ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА
НА 10-ТЕ ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И
4-ТЕ ОПШТИНСКИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА
УЧЕБНАТА 2009-2010 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ и : ИЗГОТВУВАЧ Основните училишта и општинските детски градинки

7. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА
ЗА 2010 ГОДИН А

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

8. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ
ЗА 2010 ГОДИН А

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура на Советот
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

9. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА ДЕТСКА
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕН
ЗАШТИТА ЗА 2010 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за дејноста од јавен интерес на Советот
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2008 ГОДИНА И
ПОСЕБНО ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за култура
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2008 ГОДИНА И
ПОСЕБНО ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за спорт
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

12. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА
ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за еднакви можности на жените и мажите
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности на жените и мажите

13. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА
КАРПОШ ЗА 2010 ГОД

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

14. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ
ЗА 2010 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансии

15. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА РЕДОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУ-ВАЊЕ И ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за уредување на градежно земјиште и комунални работи

**Образоложение:** Програмата за 2009 година, ќе се изработи во рамките на средствата што ќе се определат за реализација преку Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта, а според барања на граѓани и осознаените потреби преку органите на општината.

16. ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2009 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за уредување на градежно земјиште и комунални работи и

17. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2010 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи и
Сектор за финансии

**Образложение:** Со Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Карпош за 2010 година ќе се уреди обемот и работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште, опремување на земјиштето, изворите на финансирање, пресметување на трошоците и други прашања сврзани со уредување на градежното земјиште.

18. ПОДГОТОВКА И ИЗРБОТКА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА ПЕРИОД 2009-2011 ГОДИНА

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за локален економски развој

19. ИЗРБОТКА НА НА НОВ ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за локален економски развој

20. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2009 ГОДИНА

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за локален економски развој

21. НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА 2010 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за изготвување на Програма
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Советот

## ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НОВОПРЕДВИДЕНИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ СО ГУП ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА НАСЕЛБИТЕ : КОЗЛЕ ,ТРНОДОЛ, ЖДАНЕЦ И СРЕДНО НЕРЕЗИ (делот Г)

1.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НОВОПРЕДВИДЕНИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ
СО ГУП ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА
НА НАСЕЛБИТЕ : КОЗЛЕ ,ТРНОДОЛ,
ЖДАНЕЦ И СРЕДНО НЕРЕЗИ: деловите В,Г
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се изготвува Детален урбанистички план заради усогласување со новата намена во Генералниот урбанистички план на Град Скопје, како и од искажаните барања на граѓани.

2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛБА ВЛАЕ 2 – дел

2.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛБА ВЛАЕ 2 – дел

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање,
и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој Детален урбанистички план се наметна од потребата за усогласување со намената во новиот ГУП на Град Скопје, усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, како и барања на корисници на овој простор.

3.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК Блок 1,Блок 2, Блок 3
ОПШТИНА КАРПОШ
/ за секој дел односно Блок ќе се предлага
посебна Одлука /

3.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК Блок 1, Блок 2, Блок 3
ОПШТИНА КАРПОШ
/ за секој дел односно Блок ќе се предлага
посебна Одлука /

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од потребата за усогласување со намената во ГУП-от на Град Скопје на делот од локалитетот Градски парк што припаѓа на Општина Карпош и предложени содржини доставени од Град Скопје.

4.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4 (дел А)

4.1.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4 (дел А)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање,
и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Донесувањето на Деталниот урбанистички план за овој локалитет се наметнува како потреба бидејќи истиот е донесен многу одамна и има потреба за усогласување со ГУП на Град Скопје, од искажаните барања на граѓаните како и усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

5. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛБА "ВОДОВОД И МАВРОВО"
(нас. Влае 1)

5.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛБА "ВОДОВОД И МАВРОВО"
(нас. Влае 1)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образоложение:** Донесувањето на овој ДУП се наментна од потребата за усогласување с о ГУП-от на Град Скопје, искажани барања од граѓани како и потребата за усогласување со одредбите со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

9.-

6. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ – БЛОК 1 (Канал 5)

6.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ – БЛОК 1 (Канал 5)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се изготвува Детален урбанистички план заради усогласување со новата намена во Генералниот урбанистички план на Град Скопје, како и од искажаните барања на граѓани.

7. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ

7.1 ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од барања на граѓани заради оформување дел за мало стопанство .

8. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ – ПРОШИРУВАЊЕ

8.1 ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ – ПРОШИРУВАЊЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП се наметна од искажаните барања од граѓани како и потребата со усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

10.-

9. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ “ВЛАДО ТАСЕВСКИ “ на аголот
помеѓу ул. “Иво Лола Рибар” и “Рузвелтова”

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП се наметна од потребата за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од грѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

10.ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
НАЦРТ - ДУПЗА ДЕЛ ОД МЗ ЗЛОКУЌАНИ,
Урбан блок Б,В / за секој урбан Блок ќе се предлага посебна Одлука /

10.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ЗЛОКУЌАНИ , Урбан блок Б,В

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се изготвува Детален урбанистички план заради усогласување со новата намена – домување во Генералниот урбанистички план на Град Скопје , како и од искажаните барања на граѓани.

11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ДЕЛ ОД НАСЕЛБА ТАФТАЛИЏЕ 1- север и југ

11.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ДЕЛ ОД НАСЕЛБА ТАФТАЛИЏЕ 1- север и југ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од потребата за усогласување со новиот ГУП на Град Скопје и барања на сопствениците на земјиштето вратено по основ на денационализација.

12. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ- ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ – ДЕЛ А,Б,В, Г
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

12.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ – ДЕЛ А, Б, В, Г
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:**Донесувањето на овој ДУП се наметна од потребата за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од грѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

13. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДУП ЗА ВЛАЕ 1 – ДЕЛ А (дел)

13.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ВЛАЕ 1 – ДЕЛ А (дел)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

14. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДУП ЗА ВЛАЕ 1 – ДЕЛ Б (дел)

14.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ЗА ВЛАЕ 1 – ДЕЛ Б (дел)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет се изготвува Детален урбанистички план заради усогласување со намента во Генералниот урбанистички план на Град Скопје и потреба за усогласување со одредб ите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

15. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП
ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ -ДЕЛ А,Б,В,Г
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

15.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ – ДЕЛ А,Б,В,Г
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП се наметна од потребата за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од грѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

16. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ- ДУП
ЗА ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4, ДЕЛОТ ОД
УЛ. “ИЛИНДЕНСКА” ДО РЕКА ВАРДАР
(Младински спротски центар)

16.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4, ДЕЛОТ ОД
УЛ. “ИЛИНДЕНСКА” ДО РЕКА ВАРДАР
(Младински спротски центар)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се изготвува Детален урбанистички план заради усогласување со новата намена во Генералниот урбанистички план на Град Скопје, како и од искажаните барања на граѓани.

17 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП
НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ НАД НАС. КОЗЛЕ ,
НАС. ТРНОДОЛ И НАС. ЖДАНЕЦ

17.1 ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ НАД НАС. КОЗЛЕ,
НАС. ТРНОДОЛ И НАС. ЖДАНЕЦ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се донесува ДУП за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од граѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

18. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
НАЦРТ-ДУП ЗА УРБАН БЛОК КАРПОШ 3 -ТРГОВСКО
СПОРТСКИ ЦЕНТАР

18. 1 ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ДУП ЗА УРБАН БЛОК КАРПОШ 3 –
ТРГОВСКО СПОРТСКИ ЦЕНТАР

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се донесува ДУП за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од граѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

19. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ЗЛОКУЌАНИ – БЛОК 2 (сервисни дејности)

19. 1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ЗЛОКУЌАНИ – БЛОК 2 (сервисни дејности)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** За овој локалитет за прв пат се донесува ДУП за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од граѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

20. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УП
ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО”ГОРНО НЕРЕЗИ”

20. 1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО
“ГОРНО НЕРЕЗИ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и
Одделение за нормативно-правни работи

Образложение: За овој локалитет за прв пат се донесува ДУП за усогласување со новата намена во ГУП на Град Скопје, барања од граѓани како и потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

21. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД КАРПОШ 1 – СЕВЕР-ЈУГ

21.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ КАРПОШ 1 – СЕВЕР-ЈУГ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение:** Потребата за донесување на горе предложениот Детален урбанистички план е по иницијатива, односно барања на граѓани и сопственици на земјиштето на овој локалитет,

Со донесувањето на овој ДУП ќе се ревидира постојниот ДУП за овој локалитет заради побрза и поеднставна реализација на истиот.

22. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ КАРПОШ 2
(помеѓу Пол.Букурешт,бензинска пумпа,и Војна болница.)

22.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ КАРПОШ 2 (помеѓу Пол.Букурешт, бензинска пумпа и Војна болница.)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Потребата за донесување на горе предложениот Детален урбанистички план е по иницијатива, односно барања на граѓани и сопственици на земјиштето на овој локалитет,

Со донесувањето на овој ДУП ќе се ревидира постојниот ДУП за овој локалитет заради побрза и поеднставна реализација на истиот.

23. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - УП
ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОРНО НЕРЕЗИ-ЛОКАЛИТЕТ “МАКЕДОНСКО СЕЛО”

23.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УП
ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОРНО НЕРЕЗИ-ЛОКАЛИТЕТ “МАКЕДОНСКО СЕЛО”

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**:  Изрсботката на овој план е согласно точка 2.3 од Програмата на Владата на Република Македонија, за изработка на урбанистички планови и одобрените средства за 2008 година /"Службен весник на РМ" бр. 21/08/.
Локалитетот "Македонско село" е во рамките на Планот за развој на туризмот и културното наследство и за таа цел во истото ќе бидат организирани сите автентични македонски занаети и традиции.

24. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА НАСЕЛБА ТАФТАЛИЏЕ 30 - АЛУМИНА

24.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА НАСЕЛБА ТАФТАЛИЏЕ 30 – АЛУМИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Согласно Програма на Владата, и поради усогласување со наменаа на ГУП-от на Град Скопје, како и по Иницијатива на сопствениците на просторот и усогласување со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за овој локалитет има потреба од изработка на Детален план.

25. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ – ПЛАСТИКА

25.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ - ПЛАСТИКА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Потреба за донесување на горе предложениот Детален урбанистички план е по Иницијатива на сопствениците на земјиштето на овој локалитет. Со донесување на овој ДУП ќе се ревидира постојниот ДУП на овој локалитет и ќе се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

26. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД КАРПОШ 4 – ДЕЛ Б

26.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД КАРПОШ 4 – ДЕЛ Б

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Донесување на овој ДУП се наметна од барањата односно иницијативите на граѓаните за промена на истиот како и потребата за усогласување со Законот за просторно и урбнаистичко планирање.

27. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА НАСЕЛБА МАВРОВО И ВОДОВОД /ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА/

27.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА НАСЕЛБА МАВРОВО И ВОДОВОД /ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА/

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: За овој локалитет по прв пат се донесува ДУП поради усогласување со намената на ГУП-от на Град Скопје, по иницијатива на корисниците на просторот, како и усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

28. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ / НАСЕЛБА КАЈ РОМИТЕ /

28.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ / НАСЕЛБА КАЈ РОМИТЕ/

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Потреба од донесување на горе предложениот урбанистички план е по заедничка иницијатива на Владата на РМ и Општината Карпош и жителите од Злокуќани за планирање на локалитетот каде до сега немало никаков план.

29. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА КОЗЛЕ, ДЕЛ ОД МЗ
“КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ”
И ДЕЛ ОД МЗ “ПЕЦО БОЖИНОВСКИ – КОЧО”

29.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА КОЗЛЕ, ДЕЛ ОД МЗ
"КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ"
И ДЕЛ ОД МЗ "ПЕЦО БОЖИНОВСКИ – КОЧО"

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Донесувањето на овој ДУП се наметна од барањата односно иницијативите на граѓаните за промена на истиот како и потребата за усогласување со одредбите на Законот за просторно и урбнаистичко планирање.

30. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ДЕЛ ОД ДОЛНО НЕРЕЗИ

30.1 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД ДОЛНО НЕРЕЗИ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: Донесувањето на овој ДУП се наметна од барањата односно иницијативите на сопствениците на земјиштето за промена на истиот како и потребата за усогласување со одредбите на Законот за просторно и урбнаистичко планирање.

31. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП
ЗА ЛОКАЛИТЕТ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА
НАСЕЛБИТЕ: КОЗЛЕ, ЖДАНЕЦ И СРЕДНО НЕРЕЗИ
/ делот А и Б – измена и дополна /

31.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ЛОКАЛИТЕТ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА
НАСЕЛБИТЕ: КОЗЛЕ, ЖДАНЕЦ И СРЕДНО НЕРЕЗИ
/ делот А и Б – измена и дополна /
/ за секој дел ќе се предлага посебна Одлука /

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: За овој локалитет се изготвува Детален урбанистички план поради искажани барања од граѓани како и усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

32. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ – ДУП ЗА ДЕЛ ОД МОМИН ПОТОК

32.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД МОМИН ПОТОК

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**Образложение**: За овој локалитет се изготвува Детален урбанистички план поради искажани барања од граѓани како и усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

33. ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД КАРПОШ 2, ДРАМСКИ ТЕАТАР, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанистичко планирање, и Одделение за нормативно-правни работи

**II**. Оваа Програма ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број о7- 81/1
14.01..2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ,
**Роберто Тошевски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за измена и
дополнување - проширување на средствата во
Буџетот на Општина Карпош за 2009 година

1. Се објавува Одлуката за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, донесена на Седумдесетишестата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 14 јануари 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 147/2
15.01.2009 година
С к о п ј е

в.д. ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Димиќ,с.р.**

21.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејството Шабановски

1. Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејството Шабановски, донесена на Седумдесетишестата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 14 јануари 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 147/3
15.01.2009 година
С к о п ј е

в.д. ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Димиќ,с.р.**

22.-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и член 16 од Статутот на Општина Карпош „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06, Советот на ПОпштина Карпош, на Седумдесетишестата седница, одржана на 14 јануари 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на еднократна парична помош
на семејството Шабановски

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош во износ од 150.000,00 денари на семејството Шабановски чија куќа, на 6 јануари 2009 година, изгоре до темел на ул. „Скупи“ нас. Злокуќани.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначаликот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 81/3<br>14.01.2009 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Роберто Тошевски,с.р.**

23.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Решение за измена на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје

1. Се објавува Решението за измена на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје, донесена на Седумдесетишестата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 14 јануари 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 147/4
15.01.2009 година
С к о п ј е

в.д. ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Димиќ,с.р.**

24.-

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основното образование /„Службен весник на РМ“ бр. 103/08/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош на Седумдесетишестата седница, одржана на 14 јануари 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за измена на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје

1. Во Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје бр. 07-3056/4 - 6 од 5.11.2008 година /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 18/08/, во членот 2, алинеа 1 наместо „Сузана Дуковска“ да стои „Садула Исеини“ - ССС.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-81/4
14.01.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Роберто Тошевски,с.р.**

25.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на Полициска станица од општа надлежност Карпош

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за состојбите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлеженост Карпош, донесен на Седумдесетишестата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 14 јануари 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 147/5
15.01.2009 година
С к о п ј е

в.д. ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Димиќ,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, член 16 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош на Седумдесетишестата седница, одржана на 14 јануари 2009 година, го разгледа Извештај за состојбите во однос на јавната безбедност аи безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полицисската станица од општа надлеженост Карпош и донесе

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештај на Полициска станица
од општа надлежност Карпош

1. Советот на Општина Карпош го усвојува Извештајот за состојбите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полицисската станица од општа надлеженост Карпош.

2. Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-81/5
14.01.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Роберто Тошевски,с.р.**

**Содржина:** **Страна**


1. Решение за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2009 година............. 1

2. Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2009 година........................................................... 2

3. Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.......... 19

4. Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година................................................................ 20

5. Решение за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејството Шабановски............................................... 21

6. Одлука за доделување на еднократна парична еднократна парична помош на семејството Шабановски..................................................................... 22

7. Решение за објавување на Решение за измена на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје.............. 23

8. Решение за измена на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Карпош за членови на Училишен одбор на ОУ „Братство“ – Скопје.................................................... 24

9. Решение за објавување Заклучок за усвојување на Извештај за состојбите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлеженост Карпош ............................. 25

10. Заклучокот за усвојување на Извештај за состојбите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлеженост Карпош..... 26